# БОРБА ПРОТИВ COVID-19 ВО БИТОЛА И ЗБРАТИМЕНИТЕ ГРАДОВИ СО ОПШТИНА БИТОЛА

Извештај за реализирано стручно-научно истражување






д-р Мимоза Богданоска Јовановска
м-р Искра Танушевска

**Проект поддржан од Општина Битола**

Декември, 2020 г.

ОПШТИНА БИТОЛА

ЦЛИ Центар за локални иницијативи

**ПРЕДГОВОР**

*"Заспавме во еден свет, а се разбудивме во друг.*

*Наеднаш Дизниленд ја изгуби својата магија,Париз не е повеќе романтичен,Њу Јорк не е град што не запира,Кинескиот зид не е повеќе само тврдина, ...Мека е празна.*

*Прегратката и бакнежот наеднаш станаа оружје, а избегнувањето на посета на пријателите и родителите стана акт на љубов.*

*Наеднаш сфативме дека моќта, убавината и парите се безвредни и не можат да го надоместат кислородот за кој се бориме.*

*Светот продолжи да постои со својот живот и убавина, само човештвото е ставено во кафез.*

*Како да е пратена порака: Вие не сте неопходни.... воздухот, земјата, водата и небото, без вас се добро....запомнете дека вие сте моите гости, а не мои господари."*

Извор: youtube, Автор: непознат

Во изминатиот период, нешто подолг од една година, човештвото се справува со предизвик кој подразбира 81.589.217 милиони заразени; 57.681.228 заразени но оздравени; и 1.780.040 жители на планетата Земја кои ја изгубиле битката со злото на дваесет и првиот век[1].

Во изминатата година, во ситуција на секојдневно зголемување на бројките поврзани со заболени и починати лица од коронавирусот, се наметна потреба од преземање на активности во поглед на справување со ситуацијата. Во низата преземени активности е токму и овој извештај направен со цел за подобро разбирање на состојбите и размена на искуства во поглед на преземање на идни креативни решенија за подобро справување со пандемијата од Covid-19.

[1]https://www.worldometers.info/coronavirus/пристапено на 25.12.2020 г.

# С О Д Р Ж И Н А

**ВОВЕД** ............................................. 3

**ПОЧЕТОЦИ НА ПАНДЕМИЈАТА** ............................................. 5
**Појавата на Ковид-19 во Северна Македонија** ............................................. 6
**Појава на прв случај на Ковид-19 во Битола** ............................................. 6

**ФАРМАЦЕВТСКИ АСПЕКТИ** ............................................. 7

**МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ..............................................9

**РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** ........................................... 10
**Епинал, Република Франција** ........................................... 11
**Крањ, Република Словенија** ........................................... 12
**Општина Стар Град, Република Србија** ........................................... 14
**Осиек, Република Хрватска** ........................................... 16
**Херцег Нови, Црна Гора** ........................................... 18

**ПРЕГЛЕД НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ И СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ОД СТРАНА НА ОПШТИНИТЕ ВО ЗБРАТИМЕНИТЕ ГРАДОВИ ВО УСЛОВИ НА КОВИД-19** ........................................... 20

**ЗАКЛУЧОК** ........................................... 24

**ПРЕПОРАКИ** ........................................... 25

**КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ** ........................................... 26

**ИНФОРМАЦИИ ЗА АНАЛИЗИРАНИТЕ ГРАДОВИ ВО ВРЕМЕ НА КОРОНАВИРУС** ........................................... 27

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ** ........................................... 28
**За граѓанската организација креатор на извештајот** ........................................... 28
**За авторите на извештајот** ........................................... 29

# ВОВЕД

Битола и збратимените градови со Општина Битола во 2020 година се соочија и сеуште се соочуваат со исклучително голем проблем, опасен по здравјето и животот на граѓаните, а тоа е појавата на коронавирусот Ковид-19.

Градовите и државите во Европа и светот немаа искуство со соочувањето и борбата против Ковид-19, таа борба се одвиваше и се одвива на различен начин и со различни резултати. Проблемот е актуелен, а според нашиот истражувачки тим, со нови релевантни информации може да им се помогне на граѓаните како целна група, и секако институциите во градот кои секојдневно се справуваат со актуелната пандемија.

Тимот експерти истражувачи од нашата организација и со ангажман на нашите соработници,истражи и ги прави достапни за локалната самоуправа, методите и начините на борба против Ковид-19 во дел од збратимените градови: Епинал (Франција), Херцег Нови (Црна Гора), Крањ (Словенија), Осиек (Хрватска) и Општина Стари Град во Белград (Србија), избрани со самопроценка на истражувачкиот тим.

Со реализација на овој проект освен реални и точни информации врзани со начините на борба против Ковид-19, истражувачите посочуваат на предностите и слабостите покажани во таа борба, спроведени заклучно со 30.11.2020 година, кога истражувачкиот процес го завршивме. Извештајот содржи и предлози за преземање на идни активности во борбата со Ковид-19, како резултат на наоѓањата при спроведеното истражување.

Но, истражувањето не е завршено, ние не запревме, затоа што пандемијата е сеуште актуелна.



***Битола***



***Епинал***




***Херцег Нови***




***Стари Град – општина Белград***



***Крањ***



***Осиек***

## ПОЧЕТОЦИ НА ПАНДЕМИЈАТА

Првиот случај на коронавирус во светот беше регистриран на 17 ноември 2019 година во провинцијата Хубеи во НР Кина, кај маж на 55-годишна возраст. Според China Morning Post, тоа е еден месец пред лекарите да ги регистрираат првите случаи во Вухан, градот за кој научниците сметаат дека токму таму коронавирусот од лилјак преминал кон друго животно кое подоцна го консумирал човекот и затоа вирусот почнал да се пренесува и шири меѓу луѓето минувајќи ги кинеските граници.

Веднаш со појавата на коронавирусот во НР Кина, реагира Светската здравствена организација (во понатамошниот текст од извештајот - СЗО) која одлучува коронавирусот да го именува како COVID-19, или кратеница од зборот „Corona Virus Disease 2019“. СЗО информираа дека утврдувањето на име на коронавирусот е направено со цел да се спречи внесување на стигматизирачки имиња, или неточни имиња кои може да предизвикаат други проблеми и последици на кус или долг рок. „Мораше да најдеме име што не се однесува на географска локација, некое животно, индивидуа или група на луѓе кои лесно се изговараат и се поврзани со болеста“, известија од СЗО кои на 11.02.2020 г., донесоа одлука со која и официјално новиот коронавирус го именуваа како Covid-19.




Извор: https://www.who.int/

Во нашата држава се користи кирилична форма на пишување Ковид-19. Подоцна, за само еден месец или на 11.03.2020 г., откако е регистрирана рашireност на вирусот низ цел

свет со бројки на инфицирани лица кои предизвикуваат голема загриженост, СЗО одлучи болеста да ја карактеризира како пандемија.

## Појавата на Ковид-19 во Северна Македонија

Македонската јавност по појавата на коронавирусот во НР Кина не покажа посебни знаци на загриженост и според перцепцијата на јавноста, појавата повеќе е важна и се однесува на здравствените власти или стручната, наспроти општата јавност.

Првиот дијагностициран случај на инфицирано лице во земјава се регистрира на 26. февруари откако жена, граѓанин на Република Северна Македонија, се враќа од Италија каде во тој период коронавирусот има голем замав. Во тој период се преземаат првите заштитни мерки, се воочува првозаразено лице, а потоа секојдневно се регистрираат по одреден број на инфицирани лица со што ги принудуваат државните институции, пред сѐ Владата, да донесат први превентивни мерки.

На 10. март 2020 година во Северна Македонија се затвораат образовните установи, а заради пандемијата, на 18. март 2020 г., со одлука на претседателот на Северна Македонија г-нот Стево Пендаровски, се воведува вонредна состојба во цела држава.

## Појава на прв случај на Ковид-19 во Битола

Првиот случај на инфицирано лице од Ковид-19 во Битола беше регистриран на 28 март 2020 година. Пред заклучување на овој извештај (19.12.2020), во функција на точни и прецизни податоци, од појавата на првиот случај до заклучување на извештајот во Битола, според Инстутот за јавно здравје, регистрирани се[2]:

- 2.866 заболени лица,
- 124 починати лица, и
- 1.937 оздравени лица.

За преземените активности на локалната самоуправа детални информации може да се пронајдат и анализираат на официјалната веб страница на Општина Битола[3], како и во информација усвоена од Советот на Општина Битола[4].

[2] http://iph.mk/wp-content/uploads/2020/12/19.12.pdf (пристапено на 20.12.2020 г.)

[3] https://www.bitola.gov.mk/

## ФАРМАЦЕВТСКИ АСПЕКТИ

Во аптеките ширум целата држава беше регистрирана зголемена побарувачка на маски, дезинфициенси и ракавиции тоа во многу краток период. Ситуацијата се разви со динамично темпо, редици и метеж секојдневно пред јавните аптеки.

На почетокот дел од граѓаните не ги почитуваа препораките и мерките за заштита посочени од Министерството за здравство, влегуваа без маска, купуваа производи во поголеми количини на сметка на други, па во одреден момент за да се спречи недостигот на одредени производи што граѓаните ги купуваа со голем интензитет, аптеките воведоа ограничување при издавање на дезинфициенси, антисептици, заштитни маски, ракавици и алкохол. Меѓутоа, со тек на време ситуацијата се подобруваше, понудата на производи од овој тип се зголеми и сега постои поголем избор на дезинфициенси и маски.

Новина на пазарот беше појавата на пулс оксиметри (апарати за брзо мерење на сатурација, односно мерење на количината на кислород присутен во крвта на луѓето и мерење на пулс) кои покрај дигиталните и живините термометри станаа најбараните уреди откако почна пандемијата. Покрај посочените производи, со пораст во побарувачката се издвоија одредени лекови како што се кортикостероидите, лековите за антикоагулантна терапија, како и антибиотиците кои за жал не секогаш се правилниот избор, многу често се бараат на своја рака и без препорака од лекар. Се разбира дека и покрај пандемијата на Ковид-19 во нашата држава и вонредните околности во кои се наоѓаат населението и вработените во аптеките, правилото за издавање на лекови за кои е потребен рецепт во кои спаѓаат и антибиотиците остана, иако е познато дека секое непочитување на истото според закон се казнува најстрого!

Последните статистики покажуваат дека побарувачката и издавањето на одредени антибиотици е зголемена и за повеќе од 65%. Како позитивна побарувачка би ја издвоиле онаа за витамини и минерали – препарати со кои се зајакнува имунолошкиот систем, нешто што треба да се практикува секогаш, а не само во време на пандемија со оглед на не толку здравиот и брз живот кој се живее годиниве наназад. Здрав и урамнотежен имунолошки систем е еден од основните предуслови за здравјето на човекот, и тука секако битна е улогата на фармацевтите за да ги советуваат своите пациенти кои суплементи да ги земаат, во кои дози и кога, бидејќи и тој вид терапија има свои ограничувања. Денес информациите во современиот свет се лесно достапни, па луѓето се почесто пристапуваат

[4] Општина Битола, Службен гласник бр.15, 2020 г.

кон самомедикација. Самомедикацијата со себе носи голем број ризици, а најсериозни се погрешната самодијагноза на болест, погрешен избор на терапија, несакани реакции и интеракции и употреба на повеќе лекови што содржат иста активна компонента. За подобрување на имунитетот секако влијае и конзумирањето на разновидна и балансирана храна, квалитетниот сон, физичката активност и лимитираниот внес на алкохол и кофеин.

Во овие тешки времиња за сите, без двоумење ставајќи го во опасност своето здравје, а со тоа и на своите најблиски, фармацевтите се во првите борбени линии против корона вирусот. Контактите на луѓето со здравствените работници што се вработени во јавните аптеки се почести од нивните контакти со лекарите. Свесни за моралната одговорност, подготвени на своите работни места и сè со цел одржување на стекнатата доверба, вработените во аптеките непрекинато вршат здравствени услуги, спроведувајќи здравствена дејност и во услови на вонредна состојба и затоа аптеката е здравствена установа што треба да се почитува. Денес во аптеките постои активен меѓусебен однос со кој здравствените работници и пациентите заедно трагаат по најдоброто решение за конкретен здравствен проблем и го подобруваат здравјето на пациентите. За да го добијат вистинскиот совет, важно е корисниците на услуги да бидат искрени, да ги објаснат своите симптоми со цел да ги добијат вистинските информации за дадената терапија.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Проектот се темели на научно-стручно истражување и компаративна анализа на преземените активности од страна на локалните управи на дел од збратимените градови со Општина Битола. Во истражувачкиот примерок ги вклучивме градовите (*по азбучен ред*): Епинал, Крањ, Осиек, Општина Стари Град (во Белград) и Херцег Нови.

Во истражувачкиот период заклучно со 30.11.2020 година беа истражени мерки и активности во градовите преземани од градоначалниците, општинските или градските кризни штабови и други јавни институции директно или индиректно вклучени во борбата против коронавирусот.

Истражувачкиот процес се реализира со користење на метод на набљудување, метод на анализа на документација (on desk истражување), како и интервјуирање на експерти и соработници од домицилните држави.

Со цел да се обезбедат точни и релевантни податоци за појавата и последиците од Ковид-19, истражувачкиот тим наративно нуди поголем дел информации, како што се: демографска слика на градовите, организираните превентивни активности, јавни кампањи на градовите, времетраење на вонредна состојба, состојба на lockdown, како и почеток на организирано вакцинирање на населението.

Добиените резултати во извештајот се презентирани наративно и табеларно, за во заклучните согледувања направени се посочувања на сличностите и разликите во пристапот и начинот на спроведување на борбата против Ковид-19 во секој град одделно, односно компаративни податоци и рангирање.

Истражувањето се однесува на периодот од почетокот на коронакризата во секој град одделно, па се до 30.11.2020 г.

Извештајот е заклучен на 25.12.2020 г.

# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

**ЕПИНАЛ, Република Франција**

Збратимениот француски град Епинал[5] според пописот од 2017 година има 31.740 жители, кои со корона кризата почнаа да се справуваат од првиот ден или од 2. март кога во регионот на градот Епинал е регистриран првиот случај на заразено лице со Ковид-19. Според нашето истражување, првиот случај на инфекција предизвикана од коронавирус во Франција е регистриран на 24 јануари 2020 година.

Од анализата на веб страницата на градот Епинал забележуваме:

- Посебен линк за брзи вести поврзани со Ковид-19
- Посебни обраќања на градоначалникот Патрик Нардин со совети и препораки за заштита од Ковид-19.




***Градоначалник на Епинал, Патрик Нардин***

- Отворена кампања за вакцинирање против Ковид-19
- Спроведување на полициски час во период од 20 часот навечер до 06 часот
- Реализирани стандардни мерки со кои: ресторанити работаат само со нарачки од дома, училиштата често се дезинфицираат заради непречен наставен процес
- Постојана и отворена комуникација со мобилни служби кои брзо ги поврзуваат граѓаните во зависност од итноста со здравствени екипи, полиција или војска.
- Отворена е постојана телефонска линија: **0329825417**

[5]https://www.epinal.fr/ (пристапено на 10.12.2020 г.)

- За лицата со посебни потреби, односно глуви и слепи лица, градот овозможи посебна апликација за помош и комуникација
- Спроведување на lockdown како превентивна мерка
- Во регионот на Епинал излекувани се 1.115 лица, а 368 го загубија животот од опасната болест. Не е познат бројот на инфицирани лица од Ковид-19.

**КРАЊ, Република Словенија**

Во познатата словенечка Горењска регија се наоѓа градот Крањ[6]. Тоа е четвртиот град по големина во Република Словенија во кој живеат 37.941 жител. Функцијата градоначалник на Крањ ја врши Матјаж Раковец.

Информациите за борбата против Ковид-19 во тој град, секојдневно се ажурираат на официјалната страница на градот[7]. Жителите на градот и околината може брзо да се информираат за Ковид-19 или да добијат итна помош на посебен телефонски број: **080 18 85**.

Борбата против коронавирусот градот ја врши организирано со поддршка на националните здравствени власти, но и со сопствени потенцијали, а на јавниот повик се вклучуваат и студенти по медицина. За време на коронакризата во Словенија и Крањ се регистрира променлива ситуација, од брзо прогласување на крај на пандемијата што се случи на 1 јуни 2020 г., до есенска состојба на најзагрозена држава со големи последици.

Борбата против Ковид-19 е проследена со јавни кампањи, а градот посебно го промовира мотото #Биди Одговорен!

[6]https://www.kranj.si/

[7]https://www.kranj.si/koronavirus (пристапено на 03.12.2020 г.)




***Службен портал на Општина Крањ***

Во истражуваниот период ги воочивме и следните активности на Општина Крањ:

- Акција на Советот на градот и донација на трислојни маски за заштита од вирусот кои се доделени на ранливи групи граѓани;
- Поставување информативни постери низ градот;
- Промоција на медиумска кампања „Биди трпелив, среќен и остани здрав!“
- Дистрибуиција на куси информации и ставање во поштенско сандаче;
- Директно учество во јавна кампања за борба против Ковид-19 од страна на почесниот граѓанин на Крањ, Драго Штефе;
- Донирање стари компјутери на лица/ученици кои немаат;
- Градот го зголеми пристапот до отворената и бесплатна Wi-Fi мрежа KranjOpen од 2 на 6 часа;
- Истражување на општината во врска со задоволството од мерките на градот при справувањето со Ковид-19;
- Во кампањата вклучен е и Спортски институт Крањ со свои активности за заштита на спортистите во градот од сите категории;
- Активиран посебен линк за изнајмување книги во локалната библиотека;
- Воспоставен посебен режим на работа на аптеките во градот и нивна постојана комуникација со граѓаните.

Според истражуваните податоци, во Крањ заклучно со 30.11.2020 година, заболени се 2.778 лица, оздравеле 2.272, активни лица на лекување се 467, а починале 39 лица.

**Општина СТАР ГРАД, Белград, Република Србија**

Општината Стар Град (Стари Град[8]) е централна градска општина која е лоцирана во старото градско јадро на Белград и е формирана во 1955 година. Во општината живеат околу 70.000 жители. Во истражувачкиот период регистриравме дека општината до 24 август ја предводи градоначалникот Марко Бастаќ, а по завршување на тамошните избори нов и актуелен градоначалник на Општина Стари Град е Радослав Марјановиќ.

Појавата на коронавирусот ја мобилизира општината од првиот ден, и според проценка на (претходното) раководство и со цел вирусот да не се шири бара од властите изборите закажани за 21 јуни 2020 година да бидат одложени. Барањето[9] изборите да бидат одложени за 6 месеци не е прифатено. Општината презема серија мерки, прекинува со прием на странки кој трае до 11.05.2020, а од тој ден приемот на странки во општината се врши исклучиво со претходна најава и потврден термин преку телефон или меил.

Општина Стари Град, од 31 март до 7 април целосно дезинфицира 1.960 згради, нивните влезови, ходници, гелендери, визби, лифтови и други заеднички простории на станарите. Со одлука на општината, на баратели на дезинфекциони средства, бесплатно им се овозможува сами да ги дезинфицираат своите домови.

Во првите одлуки што новоизбраниот градоначалник Марјановиќ ги донесува е обезбедување финансиски средства за поддршка на сите правни лица регистрирани за угостителство и туризам, кои според проценка на општината се најоштетени со појавата на Ковид-19. Средствата ги обезбедуваат од Владата на Република Србија, со цел да се поддржи локалната економија во Стари Град. Општината воведува нов протокол за јавни седници и јавен увид на планови од надлежност на општината.

Со одлука на општината, во просториите на поранешната месна заедница „Варош капија“ се отвора здравствено катче за PCR и антигенски тестови. За период од 10 денови во новоотворениот објект направени се 2.800 тестови на жители на Општина Стари Град.

Со одлука на општинското раководство од 30.10.2020 година заради влошување на состојбата со Ковид-19 и зголемување на бројот на инфицирани во Белград и самата

[8]http://www.starigrad.org.rs/o-opstini-stari-grad/

[9]http://www.starigrad.org.rs/predsednik-opstine-stari-grad-zahtev-rik-u-za-donosenje-resenja-o-odlaganju-izbora-zakazanih-za-21-jun-2020-godine/ (пристапено на 14.07.2020 г.)

општина, повторно е забранет приемот на странки во Општината и за итни случаеви се препорачува телефонска и електронска комуникација преку меил.




***Радослав Марјановиќ, градоначалник***

Во истражуваниот период воочивме дека граѓаните на Општина Стари Град сите информации за борбата против Ковид-19 може да ги пронајдат на официјалната страница во рубриката вести, односно нема брзо видлив банер за актуелната тема. Исто така немаат посебен преглед на бројот на инфицирани, излекувани и починати лица од Ковид-19. Во функција на истражуваната тема пренесуваме состојба од 30.11.2020 г., според која во таа држава регистрирани се 175.438 потврдени случаеви на Ковид-19, а од нив 1.604 лица го изгубиле животот. Статистички најголем е бројот на жители на главниот град Белград.За жал истражувачкиот тим не беше во можност да обезбеди единечни информации затоа што не е исполнета обврската на тамошните власти на јавноста да и бидат овозможени и единечни информации за состојбата со коронавирусот во белградските општини, односно и за Општина Стари Град која е предмет на истражувањето[10].

Во оваа прилика истакнуваме дека Република Србија[11] е првата држава во регионот во која е донесена вакцината против Ковид-19, Фајзер и Бионтек.

[10]https://www.istinomer.rs/izjava/objavljivacemo-broj-zarazenih-u-beogradskim-opstinama/ (пристапено на 05.09.2020 г.)

[11]https://covid19.rs/ (пристапено на 15.12.2020 г.)

**ОСИЕК, Република Хрватска**

Градот Осијек[12] со Битола е збратимен во 1965 година, а административна одлука ја негуваат различни институции од двете средини кои годинава за жал се погодени со вирус кој како што е познато предизвика максимална мобилизација. За потсетување, Осиек има 84.104 жители, а заедно со околината 108.048 кои на последните локални избори за свој градоначалник го избраа Иван Врќиќ.

Според нашето истражување, пандемијата во овој град прикажа две состојби: прва пролетна во која по појавата на првото инфицирано лице регистрирано на 14 март 2020 г., со максимален ангажман на здравствените власти на 21 мај прогласена е состојба на ниту едно заразено лице или „korona-free жупанија", а потоа повторно коронавирусот се враќа со тешки последици, односно втора есенска состојба со значителен број починати лица. Истражувајќи и користејќи ја нашата колегијална соработка со фармацевти од Осиек на кои во оваа прилика им благодариме за поддршката, добивме податок дека во Осијечко-барањската жупанија заклучно со 30.11.2020 г., биле инфицирани 12.645 лица, 380 лица го загубиле животот, а вирусот го совладале 12.265 лица. Во два наврати во самоизолација е градоначалникот Врќиќ заради контакт со инфицирани лица.

Од служебиот портал на како што посочуваат – Осијек град на Драва!, лесно може да се воочи дека информациите за Ковид-19 се секојдневни, брзо видливи, јасни и може да се добијат насоки за водење или вклучување во борбата против Ковид-19. Со цел заштита на граѓаните, градските власти донесуваат низа одлуки како што се:

- Затворање на сите јавни установи и нивно реактивирање во месец мај;
- Затворање на теретани, спортски и фитнес центри и нивно реактивирање во мај;
- Затворање и реактивирање на јавниот превоз со трамвај и автобуси;
- Градот доделува неповратна финансиска помош на невработени лица;
- Во знак на поддршка на градските мерки, Здружението за техничка култура врши изработка на заштитни визири;
- Културниот центар на Осиек ги повикува младите од градот, аматерите уметници и други креативци своите идеи да ги пласираат на посебна online платформа.
- Со цел зголемена и подобра заштита на човековото здравје градот спроведува операција на надлетување на градот за набљудување со дронови за што ангажирани се 15 пилоти со 12 летала, а 2 летала се посебно специјализирани со

[12]https://www.osijek.hr/

термо-визиска камера. Оваа акција се врши со дроновите кои летаат на висина од 50 до 120 метри, ги набљудуваат јавните површини, плоштадите, парковите, паркиралишта, фабрики и слично и притоа регистрираат дали се спроведуваат градските мерки за заштита од Ковид-19, дали има собирање на лица повеќе од дозволениот број и други непочитувања на одлуката.



Grad Osijek » Novi dronovi s termovizijskim kamerama u borbi protiv Covid-19

## Novi dronovi s termovizijskim kamerama u borbi protiv Covid-19

Objavljeno: 17.04.2020

Operaciju nadlijetanja u svrhu zaštite zdravlja građana, odnosno praćenja provedbe epidemioloških mjera, trenutačno obavlja 15 mobiliziranih pilota s 12 letjelica, od čega dvije letjelice posjeduju posebnu opremu s termovizijskom kamerom. Dronovi na visini od 50 do 120 metara nadgledaju javne površine – trgove, parkove, promenadu, parkirališta, tržnice i slično – te reagiraju u slučaju da se na nekom od tih mjesta okuplja veći broj ljudi.

– Ne zanimaju nas lica građana niti ih s te visine dronovi mogu prepoznati. Pratimo isključivo veća okupljanja ljudi na javnim površinama, a policija ih potom u slučaju potrebe usmjerava na pridržavanje trenutačnih epidemioloških mjera, kako bismo se svi što prije vratili našim uobičajenim životima i sa što manjim posljedicama krize – ističe Boris Piližota, zamjenik gradonačelnika i načelnik Stožera civilne zaštite Grada Osijeka.

Dva nova drona tako su danas na korištenje predana Udruzi SPAS, a radi se o dronovima sa specijalnom opremom kakvi se u Hrvatskoj za ove potrebe još ne koriste.

– Dronovi su u vlasništvu Grada Osijeka, a u budućnosti će se koristiti i za potrebe MUP-a, 112 ali i HGSS-a koji je sastavni dio našega stožera, i to pri traganju i spašavanju života – napominje Piližota.

Iz Udruge SPAS, čiji su članovi mobilizirani kao piloti 112, također javljaju kako se letjelice s termalnim kamerama mogu koristiti i u ostalim operativnim aktivnostima civilne zaštite, poput potrage za nestalim osobama, pregleda terena zahvaćenog poplavom ili požarom, te pomoći pri elementarnim nepogodama i drugim situacijama s kojima se civilna zaštita svakodnevno susreće.

Podsjetimo, s ciljem povećanja sigurnosti građana pogođenih zdravstvenom krizom uzrokovanom virusom COVID-19, MUP, Ravnateljstvo civilne zaštite i Područni ured civilne zaštite Osijek nedavno su za potrebe kontrole provođenja mjera Stožera civilne zaštite RH implementirali centralni sustav za nadzor iz zraka pomoću bespilotnih letjelica.

***Со термовизиски камери против Ковид-19***

Советот на Град Осиек на почетокот од кризата одлучува седниците да ги одржува online, а така е и во овој период кога е прифатена одлуката од националната власт за нови построги мерки, забрана за движење на населението од една во друга жупанија, и почит на востановениот lockdown[13], мерка која ја практикуваа повеќе држави во светот.

Во Република Хрватска од 01.09.2020 година во функција е единствен телефонски број за добивање информации во врска со коронавирусот, а тоа е бројот 113.

Во Хрватска првото вакцинирање против Ковид-19 почна на 27.12.2020 година.

[13]***Lockdown***: Заклучување, изолација, карантин. Зборот дефинира наметнување строги ограничувања во смисла на движење, социјални односи, патувања и пристап до јавниот простор. Според уредувачите на речникот „Колинс“, во оваа 2020 година, зборот на годината Lockdown е употребен над 250.000 пати.

**ХЕРЦЕГ НОВИ, Црна Гора**

Херцег Нови[14] е крајбрежен град во Црна Гора со околу 33.000 жители кои во 2017 година за претседател на општината го избраа Стеван Катиќ, кој од првиот ден со појавата на Ковид-19 во тој град ги пренасочува своите активности за мобилизација и заштита на своите сограѓани. На Facebook страницата на локалната самоуправа веднаш издава Упатство за начинот на работата на општинските органи и служби, како и насоки за комуникација со граѓаните. Упатството го пренесува тамошното радио Радио Јадран[15].

За поголема безбедност на граѓаните комуникацијата со граѓаните продолжува да се врши преку е-маил адреса, се истакнуваат јавни телефонски броеви и општински дежурства со ротација. Општината доследно ги применува и препораките од Национално координативно тело за заразни болести во Црна Гора кое со поддршка на мобилните оператори промовираат посебен број 15888 за вклучување на сите во заедничката борба против Ковид-19. Инситутот за јавно здравје на Црна Гора во борбата против Ковид-19 го препорачува телефонскиот број **1616** како бесплатна SOS телефонска линија.




***Општина Херцег Нови***

Во јавна кампања се вклучуваат институции и поединци за да се зголеми свеста за заедничката борба и начинот на нејзино водење. Во тој период забележлив е јавен настап на уметникот Антонио Пешиќ познат во јавноста како Рамбо Амадеус, избран амбасадор

[14] https://www.hercegnovi.me/sr/

[15]https://radiojadran.com/89905-2/ (пристапено на 22.10.2020 г.)

на добра воља од УНИЦЕФ. Тој ќе рече - „денес во Црна Гора вистински пример за чојство и јунаштво е да се носи маска и да се одржува дистанца“. Пораката е во функција за зголемување на дисциплината на граѓаните во Црна Гора кои не веруваат во појавата на коронавирусот.

Во Општина Херцег Нови се применуваат и следните мерки:

- Дезинфекција на улиците и плоштадите;
- Ограничено, а во еден период целосно затворање на работното време на јавни и приватни институции, компании, објекти и сл.;
- Комуналната полиција е редовно на терен и изрекува казни за непочитување на мерките за заштита на населението од Ковид-19;
- Приемот на граѓани во општината се врши секоја втора сабота и со точно утврдени мерки;
- Во периодот на коронакриза регистрирани се само 2 венчавки во општината;
- Бројот на инфицирани лица е во пораст.

Според Институтот за јавно здравје, во Херцег Нови само во периодот јуни-ноември регистрирани се 446 оздравени лица, 528 активно заболени и 16 починати. За жал статистички прво лице што во Црна Гора почина од опасниот вирус е од Херцег Нови.

## ПРЕГЛЕД НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ И СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ОД СТРАНА НА ОПШТИНИТЕ ВО ЗБРАТИМЕНИТЕ ГРАДОВИ ВО УСЛОВИ НА КОВИД-19

### 1. Воспоставени канали за споделување на информации поврзани со Ковид-19

| | **Епинал** | **Крањ** | **Стар Град** | **Осиек** | **Херцег Нови** |
|---|---|---|---|---|---|
| Посебен линк за брзи вести поврзани со Ковид-19 на локално ниво | X | X | | | |
| Секојдневни, тековни информации поврзани со бројчена состојба поврзана со Ковид-19: број на заболени, излекувани, починати жители на општината | X | | | | X |
| Отворена постојана телефонска линија | X | | | X | X |
| Поставување информативни постери низ градот | | X | | | |
| Дистрибуција на флаери со куси информации во поштенско сандаче | | X | | | |
| Медиумска кампања | | X | | | X |
| Учество во јавни кампањи за борба против Ковид-19 од почесни граѓани, јавни личности, познати и славни личности | | X | | | X |
| Вклучување на спортски институции во кампањи наменети за активности за заштита на спортистите во градот | | X | | | |
| Користење на Facebook страница на општината и локално радио за споделување на Упатство за начинот на работата на општинските органи и служби, како и насоки за комуникација со граѓаните | | | | | X |

**2. Активности на градоначалник или совет на општина во услови на Ковид-19**

| | **Епинал** | **Крањ** | **Стари Град** | **Осиек** | **Херцег Нови** |
|---|---|---|---|---|---|
| Директни обраќања на градоначалник до граѓаните со совети и препораки за заштита од Ковид-19 | X | | X | | X |
| Акции на Совет на градот: донација на маски на ранливи групи граѓани, донирање стари компјутери, зголемен пристап до отворена и бесплатна Wi-Fi мрежа | | X | | | |
| Истражување спроведено од страна на општината во врска со задоволството на граѓаните од спроведените мерки од страна на градот при справувањето со Ковид-19 | | X | | | |
| Дезинфекција на згради, улици, плоштади | | X | X | | X |
| Општината донира средства за дезинфекција на баратели со цел да им се овозможува сами да ги дезинфицираат своите домови | | | X | | |
| Распределување на финансиските средства од Владата за поддршка на сите правни лица регистрирани за угостителство и туризам, кои според проценка на општината се најоштетени со појавата на Ковид-19 | | | X | | |
| Доделување неповратна финансиска помош на невработени лица | | | | X | |
| Надлетување на градот со дронови | | | | X | |

**3. Активности поврзани со вакцината против Ковид-19**

| | **Епинал** | **Крањ** | **Стари Град** | **Осиек** | **Херцег Нови** |
|---|---|---|---|---|---|
| Отворена кампања за вакцинирање | X | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Донесена вакцина | X | X | X | X | |

**4. Мерки за заштита преземни од општината**

| | **Епинал** | **Крањ** | **Стари Град** | **Осиек** | **Херцег Нови** |
|---|---|---|---|---|---|
| Спроведување на полициски час | X | | X | | X |
| Спроведување на lockdown како превентивна мерка | X | X | | X | |
| Реализирани стандардни мерки со кои: ресторaните работат само со нарачки од дома, училиштата често се дезинфицираат заради непречен наставен процес | X | X | X | X | X |
| Затворање на сите јавни установи, теретани, спортски и фитнес центри, јавниот превоз со трамвај и автобуси (до мај) | | | | X | X |
| Забрана за движење на населението од една во друга жупанија/општина | | | | X | |
| Комуналната полиција е редовно на терен и изрекува казни за непочитување на мерките за заштита на населението од Ковид-19; | | | | X | X |

**5. Други активности преземени со цел да се олесни функционирањето на граѓаните во услови на Ковид-19**

| | **Епинал** | **Крањ** | **Стари град** | **Осиек** | **Херцег Нови** |
|---|---|---|---|---|---|
| Постојана и отворена комуникација со мобилни служби кои брзо ги поврзуваат граѓаните во зависност од итноста со здравствени екипи, полиција или војска | X | X | | | |
| Активиран посебен линк за изнајмување книги во локалната библиотека | | X | | | |
| Воспоставен посебен режим на работа на | | X | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| аптеките во градот и нивна постојана комуникација со граѓаните | | | | | |
| Отворање на здравствено катче за PCR | | | X | | |

## 6. Промени во работата на општините во услови на Ковид-19

| | Епинал | Крањ | Стари Град | Осиек | Херцег Нови |
|---|---|---|---|---|---|
| Забранет приемот на странки во Општината и за итни случаеви се препорачува телефонска и електронска комуникација (е-меил) или прием на странки со претходна најава и потврден термин преку телефон или меил | | X | X | | X |
| Нов протокол за јавни седници и јавен увид на планови од надлежност на општината | | | X | | |
| Советот седниците да ги одржува online | | | | X | |

## 7. Активности на други институции и организации со цел подобро функционирање на градот во услови на Ковид-19

| | Епинал | Крањ | Стари Град | Осиек | Херцег Нови |
|---|---|---|---|---|---|
| Граѓански здруженија изработуваат заштитни визири | | | | X | |
| Повик на младите од градот, аматерите уметници и други креативци своите идеи да ги пласираат на посебна online платформа. | | X | | X | |

## 8. Активности поврзани со лица со посебни потреби и специфични категории на граѓани

| | Епинал | Крањ | Стари Град | Осиек | Херцег Нови |
|---|---|---|---|---|---|
| Апликација за помош и комуникација на/со глуви и слепи лица | X | | | | |

# ЗАКЛУЧОК

Компаративната анализа покажа дека сите преземени мерки од страна на градовите со кои е збратимена Општина Битола даваат резултати за намалување на последиците, кои и понатаму се големи; како и за нивно превенирање, кое и понатаму не е најуспешно. Основниот проблем е човекот, менталниот склоп кој не зависи од стандардот на населението, туку од начинот на информирање.

Од истражувањето лесно се воочуваат основните преземени мерки кои се видливи кај сите градови, кои покрај препораките за носење маска, социјална дистанца и постојано миење на рацете, се различни. Воочивме дека сите активности може да се поделат во неколку категории (ние дефиниравме седум) и секоја од овие категории во различните градови е застапена со повеќе различни активности кои се преземани во изминатиот период. Еден дел од активностите се сретнуваат како активности кои се преземаат во неколку од градовите, но најголем број од активностите се уникатни т.е преземни само во еден град, што ја остава можноста овој извештај и дадениот преглед да побуди идеи и иницијативи кај општините во поглед на преземање на идни мерки за заштита при Ковид-19, затоа што борбата против Ковид-19 продолжува.

Во истражувачкиот процес забележавме креативни новини кои секако дека може да бидат употребени и од страна на локалните власти во нашата општина. Издвојуваме неколку примери:

- Често обраќање до јавноста преку youtube канал (пример на градоначалникот на Епинал);
- Надгледување на градот со дрон и термовизиски камери (пример на градот Осиек);
- Вклучување на јавни личности во кампања против Ковид-19 (пример со почесниот граѓанин на општина Крањ);
- Ставање во функција на јавни телефонски броеви кои се лесно запамтливи (пример со градот Херцег Нови);
- Бесплатно доделување на дезинфекциски средства за месни заедници кои лично ќе извршат дезинфекција на станбен објект (пример со Општина Стари Град).

Во истражувачкиот процес забележавме и негативни појави како што се:

*Општински веб страници/портали на кои не може брзо да се пронајдат вести и насоки за преземени мерки на соодветната општина за борба против Ковид-19;

- Нема детални општински информации за бројот на инфицирани, оздравени и починати лица;

- Понудени се телефонски броеви за контакт кои тешко се паметат во прв момент;
- Не се понудени соодветни начини за борба против навиките и промена на навики од страна на жителите кои ги забавуваат локалните иницијативи;
- Несоодветна стратегија за комуницирање со јавноста во кризна ситуација.

## ПРЕПОРАКИ

Истражувачкиот тим препорачува непоколеблива борба против Ковид-19 која не може да се води самостојно туку здружено со максимална проактивност и доверба. Секој преземен чекор треба да биде акција, а не теорија и дебата после која ќе се изгуби време.

Препорачуваме информирање, едуцирање и мотивирање во амбиент од кој се наѕира решение на пандемијата со употреба на светски одобрените вакцини.

Информирање, затоа што големи се резервите на луѓето околу процесот на масовно вакцинирање, едуцирање за појасна слика и за крајните цели, но и мотивирање на „товар“ на јавните власти, јавните личности, а во оваа ситуација тоа се градовите и нивните први луѓе – градоначалниците. Иницирањето на активности кои се покажале како добри практики во збратимените градови е исто така препорака на авторите на овој извештај.

Недостигот од здравствена писменост и борбата против лажни вести е императив бидејќи секој жител на соодветна општина има потреба од точни и разбирливи вести во функција на личното здравје и здравјето на сите останати во окружувањето. Ако се знае дека Европската агенција за лекови - ЕМА даде дозвола за вакцинирање против коронавирус тогаш реално е да се очекува организирана јавна кампања во пресрет на акцијата за вакцинирање која наскоро ќе се реализира во нашиот град и држава.

Ние не се сомневаме и во други придружни акции на локално ниво, и во таа смисла нашиот истражувачки тим е уверен дека овој Извештај е од полза на нашата Општина и сме на располагање за понатамошна соработка.

ОПШТИНА БИТОЛА ЦЛИ Центар за локални иницијативи

## КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ


1. European Medicines Agency: EMA, https://www.ema.europa.eu/en
2. Grad Osijek, www.osijek.hr
3. Mestna Občina Kranj, www.kranj.si
4. Ville d' Epinal, www.epinal.fr
5. World Health Organizatiot: WHO, https://www.who.int/
6. Влада на Република Северна Македонија, https://vlada.mk/covid19
7. Градска Општина Стари Град, http://www.starigrad.org.rs/o-opstini-stari-grad/
8. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија
9. Институт за јавно здравље Репубике Србије
10. Општина Битола, www.bitola.gov.mk
11. Општина Херцег Нови, https://www.hercegnovi.me/sr/
12. Службен гласник на Општина Битола, бр.15, 2020
13. https://www.who.int/

## ИНФОРМАЦИИ ЗА АНАЛИЗИРАНИТЕ ГРАДОВИ ВО ВРЕМЕ НА КОРОНАВИРУС

| | | | |
|---|---|---|---|
| БИТОЛА | www.bitola.gov.mk | Наташа Петровска |  |
| ЕПИНАЛ | www.epinal.fr | Патрик Нардин<br>Patrick Nardin |  |
| КРАЊ | www.kranj.si | Матјаж Раковец<br>Matjaž Rakovec |  |
| СТАР ГРАД<br>Општина Белград | www.starigrad.org.rs | Радослав Марјановиќ<br>Radoslav Marjanović |  |
| ОСИЕК | www.osijek.hr | Иван Вркич<br>Ivan Vrkić |  |
| ХЕРЦЕГ НОВИ | www.hercegnovi.me | Стеван Катиќ<br>Stevan Katić |  |

ОПШТИНА БИТОЛА

ЦЛИ Центар за локални иницијативи

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**
**За граѓанската организација издавач на извештајот**

Центарот за локални иницијативи – Битола (ЦЛИ-Битола) е граѓанска организација формирана во 2002 година со мисија за развој и имплементација на локални иницијативи во различни сфери од општественото живеење. Работи во повеќе области; во најголем дел во областа на образованието на подобрување на образовните процеси, соработка со наставниот кадар, учениците и нивните родители, промоција на отворени образовни ресурси (ОЕР), доживотното учење, претприемништвото, како и развој на демократските процеси.

Основните целите на Здружението се насочени кон професионален развој на наставен кадар; организирање на заеднички научни собири за размена на идеи и искуства за решавање на различни проблеми; издавачка дејност; подготовка и имплементација на проекти, учество и организација на форуми, тркалезни маси, преговори и лобирање, промоција на ОЕР, промоција на претприемаштво, мотивација на младите за поголема вклученост во општеството, итн.

Во периодот од скоро две децении постоење и активна работа, самостојно или во партнерство со други граѓански организации, реализирани се повеќе активности и тоа проекти, тркалезни маси, обуки и иницијативи, од кои во последните 5 години посебно би ги истакнале активностите во 2015 година и тоа: фасилитираните сесии од онлајн курс "Проектен менаџмент" во соработка со Средношколска Академија за Бизнис Администрација САБА Битола; фасилитирани сесии од онлајн курс: "Project Management: The Basics for success" понуден на платформата Coursera во 2015 година; промоцијата на отворени образовни ресурси како дел од Неделата на отвореното образование; и обуките за развој и пишување на проекти, проектен менаџмент и отворени образовни ресурси. Во 2016 година Здружението самостојно го реализира проектот „Научете за претприемачката култура на САД“ поддржан од Амбасадата на САД во Македонија. Во 2019 година во соработка со Western Balkan Alumni Association учествуваше во реализација на проектот „The Magic of Creating Successful Project Proposals“, на кој учество зедоа претставници од 5 земји од Балканот: Македонија, Србија, Босна, Косово, Црна Гора. Во соработка и со поддршка на општина Битола, Здружението успешно реализира два проекти и тоа во 2019 година проектот се однесуваше на училиштето Даме Груев, подрачна единица во село Долно Оризари, преку кој се поттикна соработка меѓу наставниците, учениците и родителите; во 2020 година, со цел поддршка на општина Битола во ситуација на пандемија, се реализира проектот „Борба против Covid-19 во Битола и збратимени градови со Општина Битола“.

Во периодот 2015-2018 година Здружението се јави како издавач на меѓународна ревија за објава на трудови од областа на образованието ФЕНЕСТРА.

## За Авторите



д-р Мимоза Б. Јовановска

**д-р Мимоза Богданоска Јовановска**

Вонреден професор на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола, при Универзитетот Св. Климент Охридски во Битола. Доктор на науки по администрација на Универзитетот во Љубљана, Словенија. Своето научно и стручно усовршување го има оформено на повеќе европски универзитети меѓу кои се вбројуваат Ломоносов Универзитетот во Москва, Русија; Лунд Универзитетот во Шведска; Универзитетот во Љубљана; Универзитетот во Белград; Универзитетот во Сплит. Добитник е на повеќе стипендии како што се BASILEUS, CEEPUS и стипендија на МОН во нашата држава. Автор на повеќе од 50 научни трудови и труд со Impact фактор во областа на јавната администрација. Учесник на повеќе од 20 научни конференции.

Како долгогодишен активист во граѓанскиот сектор, Богданоска Јовановска е член и актуелен претседател на надзорен одбор на Македонското научно друштво – Битола и основач и претседател на Здружението Центар за локални иницијативи – Битола. Во областа на образованието и доживотното учење, таа беше член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор при Владата на РСМ.

Креатор, учесник и реализатор е во над 20 проекти финансирани од различни програми како што се: PHARE, IPA CrossBorderCooperation, Western Balkans Alumni Association. Амбасадата на УСД во РСМ и други.



м-р Искра Танушевска, магистер по фармација

**м-р Искра Танушевска, магистер по фармација**

Магистерскиот труд на тема „Современи фармакотерапевтски сознанија поврзани со употребата на Метформин”, Танушевска го одбрани на Институт за Фармацевтска хемија при Фармацевтскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”-Скопје во 2019 г., а во 2020 година се стекна со лиценца за работа издадена од Фармацевтската комора на РСМ.

Во текот на студиите Танушевска е избран демонстратор на неколку наставни предмети на Институтот за фармакогнозија и Институтот за применета хемија и фармацевтски анализи, организира кампањи за јавно здравје, како и обуки на студентите за soft skills. Таа, како активен член на Европската организација на студенти по фармација (European Pharmaceutical Students' Association-EPSA) и Македонската организација на студенти по фармација (Macedonian Pharmaceutical Students' Association-MPSA) учествува на следните меѓународни конгреси-IC и семинари-IS: IC-„Pharmacist, the hero with a thousand faces“, Бјалисток, Полска, 2016; IS-„Cannnabis as food, food supplement and medicine”, Охрид, РС Македонија, 2016; IC-„Healthcare, an innovative approach”, Крањска Гора, Словенија, 2017; IS-„Mythbusting cannabis”, Охрид, РС Македонија, 2017; IC-„Pharmacoeconomics and the Affordability of Healthcare”, Баарло, Холандија, 2018; IC-„The Story of Clinical Trials”, Белград, Србија, 2018.